Бр. 14 Цена: 50 ден. ОКТОМВРИ 2010 год.

# ШТИТ

ISSN: 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



„СКОРПИИТЕ“ НА АРМ ГО ОДБЕЛЕЖАА 17 СЕПТЕМВРИ, ДЕНОТ НА ЕДИНИЦАТА

## РАСАДНИК НА КАДРИ

ПОДГОТОВКИ ЗА НАТО-ОЦЕНУВАЊЕ НИВО 2

## ИЗВЕЖБУВАЊЕ НА ДЕКЛАРИРАНИТЕ ЕДИНИЦИ НА АРМ

ЗА ПРОЕКТОТ КОЈ ЌЕ ПРОМЕНИ МНОГУ ЖИВОТИ

## ФЛЕКСИБИЛНОСТ И ДЕМОКРАТИЧНОСТ ВО СИТЕ ФОРМИ

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★

# Содржина:




Страница 8 — **ИНТЕРВЈУ СО ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Страница 4 — **ПОСВЕТЕНИ НА СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ**
ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНАТОТО

Страница 16 — **ПИОНЕРОТ НАРЕЧЕН „СОПАТНИК“**
53 ГОДИНИ ОД ЛАНСИРАЊЕТО НА ПРВИОТ ЗЕМЈИН ВЕШТАЧКИ САТЕЛИТ

Страница 26 — **ДРУЖЕЊЕ ПРЕКУ СПОРТОТ**
ОСМИ СИНДИКАЛНИ ИГРИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МО И АРМ

Страница 27 — **„ЛЕОПАРДИТЕ“ СО НОВ СПОРТСКИ ЦЕНТАР**
СОЛИДНИ УСЛОВИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЕДИНИЦАТА

Страница 28 — **ВЉУБЕНИЦИ ВО НЕБЕСКИТЕ ВИСОЧИНИ**
ТРЕТ МЕЃУНАРОДЕН АЕРОМИТИНГ

Страница 36 — **МИРОТ Е ИМПЕРАТИВ**
65 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ООН

Страница 42 — **ЗАРОДИШОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НЕПОКОР**
ЗА ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА





Страница 11





Страница 22





Страница 59



**ШТИТ - Година II, број 14, октомври 2010 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-мајор Насер Сејдини, Сашко Димов, полковник Мирче Ѓоргоски, потполковник Здравко Ризовски, потполковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Здравко Ризовски, потполковник

**РЕДАКЦИЈА**
Васил Дичевски (новинар-уредник), Кристина Илиевска (новинар-уредник), Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник); Иван Петрушевски (новинар-соработник); Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**КОНЦЕПТУАЛЕН КОНСАЛТИНГ, АРТ ДИРЕКЦИЈА И ДИЗАЈН**
Жарко Стојановиќ, Оливер Ќурчиев, Весна Вујадиновиќ, Стефан Смиљаноски

**Печати: „Европа 92“ – Кочани**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 66 1000 Скопје
Телефони: 02 328 24 17; 02 328 20 58
Факс: 02 3113 527; 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


**КАМПОВИ И ШАТОРИ**

Деновиве очите на светската јавност беа свртени кон Њујорк, местото каде што се одржуваше 85-тата сесија на Генералното собрание на ООН. Фокусот на работата беше насочен на исполнувањето и реализацијата на милениумските развојни цели. Целта е јасна и пред неа не смее да се потклекне и покрај забавеноста на темпото за нивна реализација. Исходот од состанокот на високо ниво за милениумски развојни цели беше обврзувањето на земјите-членки на ООН да ги зајакнат напорите до исполнувањето на крајната цел.

Република Македонија, како што, меѓу другото, истакна претседателот на РМ, Ѓорге Иванов, на Генералното собрание, уште од своето осамостојување, целосно е посветена на суштинските реформи во сите сфери, насочени кон унапредување на демократијата и подобрувањето на животниот стандард на своите граѓани, засновани врз историските традиции на почитувањето на мултиетничкиот соживот, дијалогот и меѓусебното разбирање. Нашите постигнувања во овој контекст се препознатливи и меѓународно признати. Токму заради тоа Република Македонија со право очекува датум за почеток на пристапните преговори со ЕУ и покана за членство во НАТО. Ги исполнивме потребните реформи за влез во НАТО, пет години сме земја-кандидат за ЕУ, една година сме со позитивна препорака за почеток на преговори со ЕУ. Но за жал, граѓаните сè уште не ги почувствувале придобивките од тоа, а реформите кои нè донесоа до пред вратите на овие организации не беа воопшто лесни.

Република Македонија сите свои расположиви капацитети ги насочува кон реализирање на врвните стратегиски цели на надворешната политика – интеграција на земјата во ЕУ и во НАТО. Пред петнаесет години во Њујорк беше потпишана Времената спогодба со нашиот јужен сосед со кој таа се обврза да не го спречува членството на нашата држава во меѓународните и регионалните организации и интеграции. За жал Република Македонија сè уште чека пред вратата на овие две организации заради постапките на нашиот јужен сосед, што е во спротивност со обврските преземени со Времената спогодба. Република Македонија е целосно посветена на процесот на решавање на разликата со Грција во рамките на механизмот воспоставен со резолуциите на ОН. Станува збор за нашето име, за нашето право на самоидентификација и човечко достоинство. „Правиме сè што можеме за да имаме блиски и пријателски односи со соседна Грција и со нејзините граѓани. Решението е можно само доколку се почитуваат Повелбата на ОН, нејзините резолуции, меѓународното право и принципите врз кои почива меѓународниот поредок“, оцени претседателот Иванов.

Македонскиот придонес кон светскиот мир најексплицитно беше отсликан во изјавата на шефот на македонската дипломатија, Антонио Милошоски, на работната Трансатлантска вечера на министрите од земјите-членки на НАТО и на ЕУ одржана во Њујорк. Тој како непринципиелност го оцени фактот што Македонија не е дел од воената алијанса. „Не е принципиелно поради еден ирационален спор на Република Македонија да ѝ се дозволува да го брани НАТО–кампот, а во исто време, да не ѝ биде дозволено да спие во НАТО–шаторот“, рече министерот Милошоски во своето обраќање.

Наредниот месец во Лисабон ќе се одржи уште еден самит на НАТО. Иако самитот нема да биде посветен на проширувањето на Алијансата, сепак тоа е можност да се исправи неправдата која ѝ беше нанесена на Република Македонија на самитот во Букурешт. Несомнено е дека во „шаторот“ на НАТО има уште едно слободно место.

*Здравко Ризовски*



# АТЕНТАТИТЕ И НИВНАТА ГЕНЕЗА

## ОПЕРАЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Во текот на човековата историја речиси секоја нација има доживеано атентати или обиди за атентати над своите водачи или светски лидери.

За да можат да се заштитат функционерите од атентат, треба да постојат основни познавања за тоа зошто се изведуваат атентатите и кои општи методи се користат за тоа.

Во овој дел ќе ги објаснам **шесте главни причини** за атентати и **четирите основни методи** по кои се изведуваат. Исто така ќе видиме на кој начин овие причини и методи можат да имаат големо значење за лицето кое е задолжено за заштита и обезбедување и за одредување на начините за заштита на извесен поединец.

### ПРВИОТ КАМЕН Е ФРЛЕН

Уште во првото поглавје на Јудео-христијанската библија е забележан првиот атентат во историјата, а оттогаш тие претставуваат дел од човековата историја. Човекот продолжува да ги користи атентатите како начин на надминување на своите фрустрации, да ги постиге своите цели или за да се освети за некои нанесени неправди, независно од тоа дали тие се реални или измислени. Уште во времето кога првите луѓе почнале да создаваат групи и да го прифаќаат водството, секогаш постоеле лица коишто поради некоја причина сакале тоа водство да се промени. Чинот на политички атентати е толку испреплетен со човечката историја што е навистина тешко да се каже дали атентатите ѝ даваат форма на историјата или обратно. Уште од првите години на модерната историја, речиси секој лидер живеел со свеста дека може да биде цел на атентат.

### ЗНАЧЕЊЕТО НА АТЕНТАТИТЕ

Сите оние кои ги проучувале атентатите низ историјата честопати си го поставувале прашањето „зошто"? Во најголем број случаи, обидите за атентат не ја постигнуваат целта на атентаторот. Имено, исходот најчесто е следниот:

1. Гледано во целина, јавноста ретко има симпатии кон атентаторите.
2. Политичката ситуација во едно општество ретко кога се менува со атентати.
3. Атентатите коишто се припишуваат на дадена политичка организација честопати доведуваат до такви реперкусии што настанот ѝ нанесува неповратна штета на терористичката група и прави репресија над нејзините членови, така што истата уште подлабоко влегува во илегала.
4. Во случаите кога атентаторите настапуваат сами, тие ретко кога можат да го добијат публицитетот и славата што ја бараат.

Сепак, иако во последните неколку години и тероризмот и атентатите имаат побудено голем интерес кај новинарите и самите настани добиваат висок публицитет, изгледа дека јавноста брзо ги заборава поединците коишто ги изведуваат тие чинови.

### ПРИЧИНИ ЗА АТЕНТАТИ

#### 1. Револуционерни или политички причини

Групи на поединци кои имаат фанатична желба да ја променат постоечката власт или да воспостават нова власт честопати прибегнуваат кон атентати со цел да ги постигнат своите цели. Поединецот којшто претставува цел честопати ја претставува владата за којашто атентаторот верува дека е причина за репресија, неправди, прогонувања и слично. Надежта на атентаторот дека ќе ја урне постоечката влада за да создаде нова форма на владеење е основната причина за обидите за атентати.

Во сегашниов момент најголем дел на владите на меѓународно признати држави имаат барем една група на дисиденти коишто мислат дека можат да ја спасат нацијата од недостатоците на сегашниот режим.

**Обидот за атентат над Августо Пиноче, претседател на Чиле (7 септември 1986 година, околу 18 часот и 40 минути)**

Претседателот на Чиле, генералот Августо Пиноче, преживеа обид за атентат на 7 септември 1986 г. околу 18:40 часот. Нападот беше изведен во момент кога генералот Пиноче се подготвуваше за серија говори и јавни настапи во траење од една недела како почеток на својата нова кампања за осумгодишен мандат како претседател.

**Атентатот над Ранасинге Премадаса, претседател на Шри Ланка (1 мај 1993 година)**

Ранасинге Премадаса, претседателот на Шри Ланка, беше жртва на атентат на 1 мај 1993 година, за време на годишната првомајска парада – политичка манифестација организирана од страна на владејачката партија во главниот град Коломбо. Атентаторот (кој беше маж) ги детонираше експлозивите врзани околу неговото тело. Во овој самоубиствен

напад со бомба беа убиени уште 23 други лица, додека 26 други лица беа ранети.

**Атентатот над претседателскиот кандидат Раџив Ганди (22 мај 1991 година, околу 22 часот и 30 минути)**

Планот да се убие Раџив Ганди за првпат бил разгледан од страна на терористичката група на „Тамилските тигри“ – „Ослободители“ (ЛТТЕ) во октомври 1990 година, осум месеци пред самиот напад. Мотивот бил поврзан со политичките иницијативи од Њу Делхи чиј конечен резултат беше разбивање на сложената мрежа на оваа терористичка група. Како и да е, атентатот над национален лидер, посебно таков лидер што уживаше голема популарност на југот, можеше да има и лоши последици за ЛТТЕ, односно, да им создаде непријатели на коишто не сметаа овие терористи.

**2. Економски причини**

Поединец или група се мотивирани од вербата дека избраната жртва е одговорна за лошата економска состојба што ја притиска нацијата, извесна група луѓе или самиот атентатор.

Обидот за атентат над бившиот министер за надворешни работи на САД, Џорџ Шулц, во Боливија на 8 август 1988 година, се должеше на неговата поврзаност со програмата за елиминирање на дрогата организирана под покровителство на обете влади и може да се класифицира во атентати инспирирани од економски причини.

Многубројни владини службеници на Колумбија беа жртви на атентати од страна на терористи поврзани со дрога поради нивните политички програми за елиминирање на трговијата со дрога.

**3. Идеолошки причини или етничко – племенски ривалства**

Во овој случај атентаторот е убеден дека жртвата загрозува принципи коишто според негово мислење се од огромно значење. Поединецот или одредена група имаат силни и речиси фанатични настроенија. Идеолошките причини за атентати можат да потекнуваат од религиозни или општествени верувања. Атентаторот се надева дека ќе го промени постоечкиот систем со тоа што ќе ги елиминира клучните фигури на некои религиозни или општествени системи или, пак, со употреба на терор ќе го привлече вниманието кон себеси или кон својата група. Племенските ривалства како причина за атентати честопати се должат на етнички борби меѓу групи кои се обидуваат да стекнат контрола над нивната татковина.

**Претседателот Анвар ел Садат беше жртва затоа што вршеше притисок врз екстремистичките/фундаменталистички исламски групи во Египет**

На 6 октомври 1981 година, Мухамед Анвар ел Садат, претседател на Арапската Република Египет, беше убиен додека ја гледаше воената парада во чест на осмата годишнина на „Преминувањето“ т.е. почетокот на војната од 1973 година. Двочасовната парада се ближеше кон крајот и токму во моментот кога надлетуваше ескадрила на млазни авиони „Мираж“, еден камион од војската излезе од линијата и застана пред подиумот на претседателот. Кога еден поручник излезе од камионот и пристапи кон подиумот, претседателот Садат стоеше бидејќи очекуваше поздрав. Три други лица вооружени со пушки застанаа на задниот дел на камионот и од таму исфлија гранати. Напаѓачите отворија оган на подиумите во траење од над една минута пукајќи на веќе ранетиот претседател.

**Атентат над претседателот Мелчиор Ндададје од Бурунди**

Атентатот веројатно се должеше на неговите напори да направи етничка рамнотежа во војската меѓу племињата Хуту и Тутси.

**Претседателот Џувенал Хабјаримана (Руанда) и претседателот Нтарјамира (Бурунди) во Кигали, на аеродромот во Руанда беа жртви поради племенски конфликти во обете земји**

Претседателот Џувенал Хабјаримана од Руанда (57 години) којшто дојде на власт со воен удар во 1973 година, и Киприе Нтарјамира (38 години), претседател на соседната држава Бурунди, беа убиени кога авионот во кој што се враќаа од регионалната мировна конференција во Танзанија беше погоден од две ракети „земја-воздух“ за време на еден ноќен напад изведен на 6 април 1994 година. Двајцата претседатели беа припадници на Хуту-групата, а нивните земји во тоа време беа потресувани од племенски непријателства.

**4. Лични причини**

Овие атентати се предизвикани од навреди или од неправди, вистински или замислени, за кои заштитениот водач (лидер) се смета за одговорен и за коишто се бара одмазада. Други мотиви коишто спаѓаат во оваа категорија се љубомората, омразата, гневот и други лични побуди.

Поранешниот претседател на Никарагва, Сомоза, бил убиен од Сандинистите во Асунсион, Парагвај, од чиста одмазда. Тој не претставуваше никаква закана за Никарагва.

Бројни турски владини службеници/дипломати (на пр. генералниот конзул Арисон во 1982 година во Лос Анџелес) беа убивани низ целиот свет од страна на ерменски националисти како одмазда за познатиот масакар над Ерменците од страна на Турците во 1905 година.

**5. Психолошки причини**

Моментална нарушеност, фанатизам или емотивна нестабилност се најчестите причини за овие напади. Луѓето што го изведуваат атентатот речиси секогаш пројавуваат психички проблеми дури и кога вистинските причини за атентатите се револуционерни, економски и други причини. Не е необично да постојат неколку причини за атентат, но сепак, психолошките причини се најчести.

Пример за тоа е Ли Харви Освалд ( го извршил атентатот врз американскиот претседател Кенеди) кој веројатно бил со нарушено ментално здравје, но најверојатно му помогнале и други „сили“ (поради идеолошки причини).

**6. Платенички атентати**

Низ историјата извесни атентати биле изведувани и заради пари.

Како примери можеме да ги наведеме обидот за атентат над Бенито Мусолини во 1932 година (напаѓачот подоцна признал дека антифашистичката партија на Италија му понудила 50.000 долари ако успее да го убие Мусолини), како и обидот за атентат на папата Јован Павле Втори, на 13 мај 1981 година (социјалистичките сили го сметале за закана).

*Ненад Танески*









*Фото: Сопственост на библиотеката „Роналд Реган“*